## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 49 од Статутот на Народната банка на Република Македонија Ст.бр.02-15/IV-1/2011 од 21.04.2011 година и точки 4,5,6,9 и 10 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата О.бр.02-15/III-16/2011 од 31.03.2011 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Одбор за оценување**

1. Се формира Одбор за оценување во следниов состав:

| | | |
|---|---|---|
| 1) д-р Горан Петревски | член на Советот на Народната банка на Република Македонија | Претседател |
| 2) м-р Анита Ангеловска Бежоска | вицегувернер на Народната банка на Република Македонија | Член |
| 3) м-р Маја Кадиевска Војновиќ | вицегувернер на Народната банка на Република Македонија | Член |

2. Одборот за оценување од член 1 на ова решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови од областа на макроекономијата по објавениот конкурс за годишната награда на Народната банка на Република Македонија за 2012 година и ќе достави предлог за најдобар труд со образложение до гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Одборот за оценување од член 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави до гувернерот и предлог за доделување награда за второрангиран труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е исто така со квалитет којшто отскокнува од останатите.

Доколку Одборот за оценување од член 1 на ова решение смета дека ниеден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог до гувернерот на Народната банка на Република Македонија за оваа година да не се доделува награда.

3.Ова решение влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Бр.2024**
**07.03.2012 година**
**Скопје**

**Г у в е р н е р**
**Димитар Богов**